*БЛАГА АЛЕКСОВА*

# СЕВЕРНАТА БАЗИЛИКА ВО СТОБИ

## МЕСТОПОЛОЖБА

Северната базилика е првиот градежен објект од северната страна на откриениот комплекс од градби во западниот дел на Стоби. Поради тоа, во текот на истражувачкиот проекот „Стоби“,[1] го има добиено името Северна базилика. Овој објект порано бил познат под разни имиња: црква на Јован Крстител,[2] како Црква за крштевање[3] и како Епископска базилика,[4] поради откриениот баптистериум од нејзината северна страна. Базиликата лежи источно од Via Principalis Inferior, од која се влегува во атриумот на објектот, кој е понизок са 1—2 м. Комплексот на базиликата источно од улицата му припаѓа на низата градби од овој западен дел на Стоби што се шират на југ сè до Театарот.

## ИСТОРИЈАТ НА ИСКОПУВАЊАТА

Црквата е откриена во 1937 година од Ј. Петровиќ. Тогаш се откопани атриумот и нартексот со анекситe, ѕидовите од корабите и на наосот до нивото на подот, како и баптистериумот од северната страна.[5] Подигањето на колоните во атриумот и конзервацијата на нишите се изведени по ископувањата од 1937 година и повторно по Втората светска војна.[6]

Истражувањата под нивото на подот во наосот, во северниот и јужниот кораб и на просторот северно и јужно од црквата се изведени во текот на 1955 година.[7] Со овие сондажни истражувања,

---

[1] Југословенско-американскиот проект за истражување во Стоби од 1970 — 1978 година. W-MZ, Excavations at Stobi, 1971, AJA 76, 1972, 408.

[2] J. Petrović, U Stobima danas, Glasnik Zem. Muzeja, Sarajevo, 1942, str. 490.

[3] Б. Јосифовска, Водич низ Стоби, Скопје, 1953, стр. 37.

[4] И. Николајевић, Ранохришћанске крстионице у Југославији, Зборник Виз. Института, 9, 1966, стр. 226.

[5] J. Petrović, op. cit., str. 486, 490—493.

[6] К. Томовски, Конзервација и делумна реконструкција во базиликата со крстилница наречена Св. Јован Крстител во Стоби, Културно наследство, 7, Скопје, 1961, стр. 102.

[7] Д. Коцо и др., Извештај за ископувањата во Стоби 1955 година, Зборник на Археол. Музеј, 3, Скопје, 1955, стр. 69—75.



*Северна базилика (основа, 1955 година)*




*Северна базилика (основа, 1961 година)*

под темелите, на 0,70—0,80 м. под базиликата, се откриени остатоци од постари архитектонски објекти. Контролни истражувања се изведени и во Баптистериумот. Во текот на 1955 и 1959 година се изведени извесни конзерваторски работи на објектот.[8] Врз основа на овие податоци од истражувањата и со опсервација на теренот К. Снајвели (C. Snively) пристапи кон детално презентирање на објектот и негова обработка.[9]

Во 1982 година, по расчистување на објектот пристапивме кон оформување на комплетна документација на задржаната конструкција на објектот-базиликата и детална евиденција и документација на архитектонската декоративна пластика откриена при ископувањето на овој комплекс. Тогаш извршивме анализа на генералните карактеристики на конструкцијата и на извесни архитектонски елементи, како и на структурата на ѕидовите на целиот комплекс од базиликата.[10] Целосната опсервација на сочуваните остатоци од базиликата, на градежните елементи и на архитектонската пластика ни даде мошне значајни резултати и податоци за определувањето на фазите на градењето на овој значаен црковен објект за градот Стоби. Овде ќе бидат изнесени резултатите од овие истражувања и заклучоците до кои дојдовме со ова детално обработување на откриениот објект. Новите податоци од истражувањата фрлаат светлина на животот на овој објект, кој извесно време служел како Епископска базилика на градот Стоби и ја имал една од најзначајните функции меѓу црковните објекти: во него се изведувал ритуалот на крштевањето.

## ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА КОНСТРУКЦИЈАТА

Описот на положбата на црквата покажува дека ѕидовите на атриумот се потпрени на улицата, додека комплексот се протега кон исток. Треба да се одбележи дека повеќето откриени објекти во продолжение кон југ од Северната базилика се наоѓаат во иста положба. Таков е случајот со Цивилната базилика, со Синагогата и со Централната базилика, со Куќата на псалмите и со Casino базиликата.

До комплетното истражување на објектот и откривањето и студијата на постарите објекти, чии остатоци се констатирани на повеќе места под базиликата,[11] а врз чии основи лежи црквата, тешко е со сигурност да се зборува за постариот објект. Меѓутоа, извесни архитектонски делови на постарата античка градба се вклопени во планот на црквата; за нив понатаму подетално ќе стане збор.

Сочуваните ѕидови на црквата имаат ширина од 0,80—1,00 м., изградени се од зеленикав песочник, од поголеми или помали блокови. Ваков камен се среќава во изградбата на објектите во Стоби,

---

[8] К. Томовски, op. cit., стр. 101—104.

[9] C. Snively, The Early Christian Basilices of Stobi, Austin, 1961, p. 19—47.

[10] Ова истражување го изведовме во соработка со Т. Паскали, М. Милојевиќ, М. Миланов, архитекти, и Г. Петачки, археолог.

[11] Д. Коцо и др., op. cit., стр. 74.

како во античкиот така и во раниот христијански период, бидејќи тој се наоѓа во околината на градот. Сочуваните ѕидови на атриумот, црквата и компартиментите со баптистериумот се градени со камен, на места за исполнување со фрагменти од тули, со употреба на малтер. Западниот ѕид на атриумот, допрен на улицата, во долните партии по целата своја должина помеѓу скалите е граден со камен и хидрауличен малтер-хоросан. Со хоросан малтер е градена и писцината на баптистериумот и нишите на фонтаната во атриумот.

Стилобатите меѓу корабите претставуваат длабоко градени темели, кои на нивото на корабите се постелени со мермерни блокови од седиштата на Театарот. Базите врз овие блокови се соѕидани со хоросан малтер, со кои биле поврзани и тулите од арките на колонадите.

Подовите во објектот имаат различни решенија. Најчесто решење за покривање на подовите во црквите и во јавните и приватни градови во Стоби е со мозаици, а во анексите со плочи или тули. Во Северната базилика, која зафаќа голем градежен комплекс, наоѓаме различно решавање на подовите, од најлуксузно до наједноставно. Начинот на поплочување на подовите бил зависен од функцијата и намената на просторот и од затекнатите решенија на подовите во постариот објект, врз кој е изградена базиликата.

Централниот кораб на црквата бил постелен со мозаичен под, на што укажува подлогата од хоросан, а на овој простор се најдени и остатоци од тесери. Во јужниот кораб, во источното крило и на самиот западен крај е задржан под од тули, на кои има орнаменти извлечени со прсти.[12] Тие се поставени врз дебел слој од хоросан. Со тули биле покриени и деловите на стилобатот кои не ги покриле блоковите од мермер. Северниот кораб бил постелен со плочи од песочник.

Јужната пастофорија била постелена со плочи од песочник, додека северната пастофорија била постелена со мозаичен под. Нартексот е постелен со градежни тули, како во јужниот кораб, украсени со врежани орнаменти пред печењето, поставени во хоросан малтер. Во атриумот наоѓаме под со плочи од песочник, додека анексите крај него се постелени со тули. Базенот и просториите крај него се постелени со плочи од песочник. Банкините кон западниот ѕид се градени од камен и хоросан, а постелени со мермерни обработени греди од бел мермер, овде секундарно употребени.

Подот во баптистериумот е од големи квадратни тули, кои претходно покривале просторија со хипокаустина конструкција. Овде се поставени во хоросан малтер. Подот е надополнет со фрагменти од мермерни плочи и тули. Со хоросан малтер и тули се изградени нишите над базенот во атриумот, а потем обложени со мермерни плочки.[13]

---

12 Во текот на истражувањата во 1955 година помеѓу тулите е откриен примерок со престава на орантес и денес задржана in situ.

13 Канелираните и фино изработени мермерни плочки, со кои биле обложени нишите, припаѓаат на стариот античен објект. Идентични плочи се откриени во базенот крај Casino базиликата; припаѓале на доцнежноантичкиот објект.

Од мермер биле и сите колони на стилобатите, и тие пред порталите во нартексот, како и тие пред базенот. Колоните му припаѓаат на некој постар градежен објект, бидејќи се различни по големина, по изборот на мермер и по стилот на обработката. Мермерни се сите бази од колонадите, двата импост капитела, двата помали капитела и репрезентативниот капител од јужната колонада, досега третиран како Теодосијански.[14] Овој коринтски капител од бел мермер припаѓал на долната колонада на скената од Театарот и овде е во секундарна употреба. Од мермер биле изработени и парапетните плочи вградени во крајната фаза на објектот во базенот како ограда.

## ГЕНЕРАЛЕН ПЛАН НА ОБЈЕКТОТ

Северната базилика во нејзината последна фаза претставува црква со три кораба, со широка апсида, нартекс со пастофории, атриум со странични анекси од северната и јужната страна и четволисен баптистериум од северната страна.

Од улицата Via Principalis Inferior водат две скали од по седум скалила од песочник и ги пополнуваат западните ќошиња на правоаголниот простор, формиран со западниот ѕид и ѕидот од нартексот на црквата. Просторот меѓу скалите е оформен со два столба и две колони, нешто подолу од нивото на атриумот. Во централиот дел

[14] Д. Коцо и др., op. cit., стр. 70, спомнува три доработени и приспособени колони; idem., стр. 72, капителот од јужниот кораб се споменува како Теодосијански.

И. Николајевић, Рановизантиска архитектонска декоративна пластика у Македонији, Србији и Црној Гори, Београд, 1957, стр. 9, сл. 4, 5, 6, анализирајќи ги двата коринтски капитела од атриумот и коринтскиот капител од јужниот кораб на Северната базилика, во базиликата употребени како сполии, ги датира во крајот на IV век.

Коринтските капители од атриумот имаат два реда самостојни лисја од акантус, од кои излегуваат двојни лози. Капителот од јужниот кораб има два реда самостојни акантусови лисја, а од струковите на третиот ред поаѓаат двојни лози. Помалите внатрешни лози се допираат со своите завиткани делови под работ на чашата, додека поголемите во поголем лак допираат до под самиот абакус. Според својот распоред и техничката изработка, овој коринтски капител е идентичен со капителите од Театарот. Треба веднаш да се одбележи дека капителот е тешко оштетен и излижан, што без детална анализа дава претстава на помала релјефност. Овој капител е од поголемите и ѝ припаѓа на долната колоната на scaenae-fronts на Театарот. E. Gebhard, The Scaenae,fronts in the Theater at Stobi, Studies in the Antiquities of Stobi III, 1981, p. 202, fig. I.

Б. Сариа, Позориште у Стобима, Годишњак Муз. J. Србије, I, 1937, стр. 33, 36, има одбележано дека поголемите капители од Театарот припаѓаат на долната колонада и се од времето на Хадриана, додека помалите, што припаѓаат од горната колонада, ги датира околу 300 година.

E. Diggve, Den Senantike faellesscene, Kobenhavn, 1938, 24, врз основа на детална стилска анализа утврдува дека меѓу големите и малите капители нема никаква разлика и нив ги датира околу 300 година.

Од големите капители се сочувани три примероци во Театарот, еден од јужниот кораб во Северната базилика, откриен во 1955 година, и еден примерок откриен во 1982 година во Casino базиликата: последниве капители се во секундарна употреба како сполии. Од малите капители има зачувано два примерци во Театарот.

на западниот ѕид од овој простор има три ниши изградени од тули и оплата од мермерни плочи, со довод на вода од централната ниша. Нишите се на 0,75 м. повисоко од подот.

Ѕидот од западната страна, по целата должина, во долните партии е граден од камен и хоросан малтер. Самите ниши се високи 1,35, а широки 0,55 м. Под нишите е оформен базен са 2,40 м., во должина од 1,20 м., ограден со парапетни плочи со врежани крстови. Подот во базенот и на целиот простор меѓу скалите е постелен во плочи од песочник.

На североисточната страна е одводен канал, што води низ нартексот и северниот кораб. Од обете страни на централниот базен, во височина од са 0,60 м., се изградени банкини со камен и хоросан, одозгора постелени со мермерни обработени греди, земени од постари објекти.

Просторот на атриумот меѓу скалите и нартексот е постелен со плочи од песочник. Во јужниот анекс подот не е задржан. Во него има подоцна затворен отвор од западната страна, кој му припаѓал на поранешниот објект. Анексот од северната страна е постелен со тули и во него се влегувало од атриумот, од северната страна и од источната одаја. Во неговиот западен ѕид се гледа, исто така, дополнително затворен прозорец.

Од нартексот води по една врата во корабите, од кои централниот претставува трибелон со северната база најдена in situ. Подот во нартексот е постелен со тули орнаментирани со прсти, како и во јужната пастофорија, која комуницира само со нартексот. Северната пастофорија е поголема и има влез во западната одаја, во баптистериумот и во нартексот. Покрај југоисточното ќоше има остатоци од банкини со височина од 0,45 до 0,50 м. над подот.

Подот во оваа северна одаја е од мозаик, кој припаѓал на поранешната градба, пресечен при градењето на баптистериумот. Поради тоа мотивите и орнаментите не се паралелни со северниот и јужниот ѕид. Од западната страна клупите и скалите покриваат дел од орнаментот, а оштетените и пресеченит мотиви од источна страна укажуваат дека одајата продолжувала на исток, каде што е длабоко исполнет простор со хидрауличен малтер.

Мозаикот има делумно сочувана бордура од северната страна со стилизирани лисја. Сочуваниот дел на мозаикот има мотиви на ромбови со кругови на западната страна, при самиот влез. Во останатиот дел на одајата, кон исток со бордура од плетеница се формирани четвртести полиња со претстави на патки и кошнички со овошје. Мермерната плочка во југопазадниот дел покрива канал што оди кон исток.

Од оваа одаја се влегувало во четворолисниот баптистериум, кој има дополнително отворен влез за во северниот кораб. Ѕидовите на баптистериумот се пошироки и изнесуваат од 0,80 до 0,85 м. Тие не се поврзани со ѕидовите на црквата, туку надоградени кон црквата. Подот во баптистериумот е постелен во четвртести тули, на места дополнет со плочи од постари објекти.




*Северна базилика (основа, 1982 година)*



*Северна базилика*

Во средината на баптистериумот се наоѓа крстовидната писцина од типот впишан крст во крст.[15] Краците на крстот однадвор се потенцирани и засечени, така што од надворешна страна се има претстава на осмострана писцина. Околу крстовидниот базен е оформена ограда изградена од тули и хоросан, над која стоеле порфирни колони со капители, кои носеле балдахин или некаков покрив. Парапетот на писцината е обложен со мермерни бели и сиви плочи. Над овој парапет биле поставени шесте порфирни колони. Самата ограда на писцината е 0,48 м над подот, а базенот е 0,60 м. под нивото на подот во баптистериумот. Писцината била обезбедена со вода од западната страна, а истечувала низ каналот што бил конструиран во северниот кораб. Доста плиткиот базен на писцината со мал довод и одвод на вода укажува дека крштевањето се изведувало со поливање-инфузија.

Еден од трите влеза од нартексот води во северниот кораб, во кој се влегувало од баптистериумот и од источната страна. Во јужниот кораб води по еден влез од нартексот и од источната страна.

Корабите од наосот се разделени со длабоки солидно градени ѕидови. Врз нив се поставени, на нивото на подот од наосот, мермерни седишта од Театарот. Над нив биле базите со мермерни колони и капители што носеле арки изградени од тули. Остатоци од една арка се откриени во 1955 година во јужниот кораб.

Од двете страни на стилобатите биле поставени по пет колони. Просторот меѓу нив изнесувал 2,70 до 2,75 м. Базите, колоните импостите и капиталот од Театарот овде се во секундарна употреба.

Централниот кораб од кој е соочувана подлогата од хоросан бил постелен со мозаик. Ѕидот од апсидата е сочуван до нивото на подот, додека апсидалниот простор и поголемиот дел од презвитериумот се прекопани длабоко, под нивото на подот. Во јужниот кораб на источната страна е сочуван под од тули; исто така, и извесни делови во западниот дел. Во северниот кораб, од подот што го сочинувале плочи од песочник е сочуван само мал дел.

## VIA PRINCIPALIS INFERIOR И ПРИСТАП ВО АТРИУМОТ

Црквите, останатите објекти и улиците на источниот сегмент од западната страна на ранохристијанскиот град Стоби се конструирани на првобитните тераси што се спуштале од нискиот гребен до

---

15 A. Khatchatrian, Origine et typologie des Baptisteres paléochrétens, Mülhous, 1982, p. 74, тип 21, крст во крст, распространет во Мала Азија; во самото Стоби во Епископската базилика — J. Wiseman, Guide, 1973, pl. I; W. Dinsmoor, The Baptistery its Roofing and Related Problems, Studies in the Antiquities of Stobi, II, 1975, p. 15—27; во Баргала — B. Aleksova — C. Mango, Bargala: A Preliminary Report, Do Papers, 25, Washington, 1971, p. 220, fig. 27; во Охрид Polikonhosot — V. Bitrakova-Grozdanova, Monuments paléochrétiens de la région d' Ohrid, Ohrid, 1975.

долината на Црна река. Градителите на објектите и на комуникациите и на улиците имале задача да уредат еден терен со тераси од запад кон исток и меѓу нив од север кон југ. Поради тоа имаат направено двоен систем на тераси, одбележани со ѕидови од градби и улици со правец И-З и С-Ј. Терасите се одделни со главните улици на градот, кои се протегаат во правец север-југ со улиците Via Principalis Inferior и Via Principalis Superior. Поради тоа, улиците се на нивото на приземјето на градбите од нивната западна страна и повисоки од објектите од источната страна. Во последниве, од улицата се влегувало во градбата по скали, кои воделе по правило во двор, како во Северната базилика, Цивилната, Централната и Casino базиликата и во Куќата на Псалмите.

Via Principalis Inferior може да се следи од северозападниот агол на Северната базилика до градската чешма, потоа се издигнува. Улицата продолжува кон југ покрај куќата на Перистерие, Теодосијанската палата и куќата на Партение. Понатаму улицата не е откриена.[16] Таа, бездруго, продолжувала покрај Casino базиликата и комплексот на Епископската резиденција и комплексот на Епископската базилика.

На една од терасите што сукцесивно се спуштаат од гребенот кон Црн Река, следејќи го природното спуштање на теренот од акрополата кон градот на исток, источно од улицата Via Principalis Inferior е атриумот на Северната базилика. Објектот е издигнат на блага тераса, што се спушта кон исток, каде теренот е покриен со вегетација. Северната базилика доминира на северниот дел на оваа тераса. Неисчестениот терен од западната и источната страна ни дава можност приближно да ја определиме височината на оваа тераса.

## АТРИУМ

Западниот комплекс на Северната базилика досега од повеќе археолози е третиран како ексонартекс или атриум, или, пак, во комбинација. Снајвели доаѓа исправно до заклучок дека се работи за еден атриум,[17] чиј западен дел бил преграден од останатиот дел, меѓутоа, без понатамошно објаснување зошто е тоа баш така изведено. Необичното решение на атриумот, и покрај желбата да се задржат основните правила при неговото решение, го објаснуваме со вклопувањето на постар архитектонски објект во црковната градба. Западниот дел на објектот меѓу скалите претставува базен на постара доцнежноримска палата, со широк атриум, вклопен во црковниот

---

16 J. Wiseman, Stobi a Guide to the Excavations, Beograd, 1973, p. 39—40.
17 C. Snively, op. cit., p. 29—32.

комплекс, од кој низ постариот канал истечувала водата низ северниот кораб. Одајата пред баптистеримот и просторот каде е изграден самиот баптистериум биле обезбедени со довод и одвод на вода пред неговото изградување.

## ГРАДЕЖНИ ФАЗИ НА БАЗИЛИКАТА

Со сондажните археолошки ископувања во 1955 година се дојде до нови податоци за Северната базилика и за градежниот комплекс што ѝ предходел на оваа градба. Врз податоците од овие сондирања Д. Коцо определува пет градежни фази на самата базилика.[18] Со истражувањата во 1959 година К. Томовски дефинира три градежни фази на црквата.[19] Врз објавените резултати од претходните истражувања Снајвели определува пет градежни фази, со распон од IV до крајот на V или почетокот на VI век.[20]

Со опсервација на откриениот и делумно истражен објект на Северната базилика и на градбите што се шират на југ и на терасата источно од Via Principalis Inferior дојдовме до нови сознанија за изградбата на базиликата. За тоа ни помогна и деталната и внимателна анализа на архитектонската пластика најдена или вградена во самата црква.

Откриениот објект во 1937 година и делумно сондиран во 1955 година не е во целост истражен. Меѓутоа, тој и во денешната фаза на истраженост дава мошне значајни и нови податоци за неговото изградба, со што се определува и неговото посигурно датирање. Овие наши согледувања за Северната базилика се резултат од деталната опсервација на самиот објект и на повеќето црковни и профани градби на терасата. Кон ова голем придонес имаат и деталните истражувања и новите откривања на Старата епископска базилика.[21]

Целокупните истражувања последниве години на црковните објекти во Стоби фрлаат нова светлина за времето на подигањето на ранохристијанските објекти во овој град. Со ова се надополнуваат сознниjата за нивните почетоци, со што се овозможува и нивното правилно датирање.

1. Сочуваниот објект на Северната базилика, со својот комплекс и до анексите на западната страна, е подигнат врз постари

---

18 Д. Коцо и др., op. cit., стр. 70—71, 72.

19 К. Томовски, op. cit., стр. 101.

20 C. Snively, op. cit., p. 32—36, 37, 38; J. Петровић, Крстионице у Стобима, Уметнички Преглед, 3, бр. 9, 1940, стр. 266, ја датира по 479 година; R. F. Hoddinott, Early Byzantine Churches in Macedonia and Southern Serbia, London, 1975, p. 169, во доцнежниот V или раниот VI век; J. Wiseman, Guide, p. 28(, во V или раниот VI век.

21 B. Aleksova, The Old Episcopal Basilica at Stobi, Archaeologia Jugoslavica, XXII—XXIII, Beograd, 1982, str. 50—63.

објекти. На ова укажуваат остатоците на ѕидови на длабочина од 0,70 м. и од 1,45 м.[22] Но, истражувањата извршени во 1955 и 1959 година на овој објект се само делумни и далеку се од тоа да ни ги покажат целосните остатоци под Северната базилика и првобитното ниво врз кое се дигнати архитектонските објекти[23] во овој, северен дел на градот Стоби. Тоа засега ни го покажува истражувањето на Цивилната базилика, дигната покрај самата црква (во Цивилната базилика, јужно покрај Северната базилика, се констатирани четири нивои со седум градежни фази).[24]

2. Комплексот на базиликата претставува една доцнежноримска градба-палата, со централна сала, што се завршува со апсида на источната страна. Стручните кораби — од кои јасно се гледа дека јужниот е поврзан со централниот, а со анализата на арх. Т. Паскали е констатирано дека и северниот кораб едновремено е граден — укажуваат на една конструкција со три кораба. Ова посочува на единствен првобитен план и програма на објектот, што го поткрепува и еднаквото техничко изведување на партиите на ѕидовите.

Западниот дел на овој комплекс бил атриум со голем базен сместен кон самиот западен ѕид со димензии 1,20 м. на са 8 м. Палатата била обезбедена со вода од западната страна и со одвод кон исток. Северните одаи на комплексот биле, исто така, обезбедени со вода и со одводни канали.

Според својот општ план со централна сала, странични кораби и одаи отстрана, со широк атриум во кој бил сместен раскошен базен, во кој од една од нишите обложени со мермер доаѓала вода, оваа палата е од општиот тип на градби во Стоби.

Сите досега откриени и презентирани градби од црковен и профан карактер на терасата источно од улицата Via Principalis inferior имаат слични или идентични планови. Сите овие објекти го следат системот на планирање и ставање на објектите пониско од улицата. Со мали отстапувања, овие објекти се речиси идентични според својот општ план и програмирање на централните и страничните простории. Еднакво е решен и системот на довод и одвод на вода. Во поголема мера тие се еднакви и според своето внатрешно уредување и според архитектонските елементи.

3. Откриениот комплекс на Северната базилика претставува една доцнежноримска палата адаптирана и преуредена за еклезиас-

---

22 Д. Коцо и др., op. cit., стр. 70—71.

23 Врз основа на деталната анализа на арх. Т. Паскали дека источниот ѕид на северниот кораб е ѕидан како составен дел на апсидата, што е констатирано од неговата источна страна. Целиот градежен комплекс на наосот и корабите претставуваат една комплетна целина, како во планирањето, така и според начинот на ѕидањето и употребата на камен и малтер.

24 J. Petrović, U Stobima danas, str. 486; Đ. Mano-Zisi, Stratigraphic Problems and the Urban Development of Stobi, Studies in the Antiquities of Stobi, I, 1973, p. 225—227; W-MZ, Excavation at Stobi 1971, AJA 1972, Section 4; J. Wiseman, Guide, p. 30—31; C. Snively, op. cit., p. 250—256.

тички потреби. Централниот кораб со страничните претставува една целина, како според композиција на планот, така и според начинот на неговото градење и според изборот и употреба на камен. Западниот дел на комплексот со нартексот и атриумот, како и анексите, е граден во исти стил и иста техника, со помала грижа за изборот на камен, што е во врска со неговата намена. Меѓутоа, и тој, западен дел припаѓа на источниот комплекс и негов е составен дел.



*Тула со претстава на орантес*

Вака затекнатата римска градба е преуредена во црква. Така старите стилобати што се наоѓале на исто ниво со корабите, постелени со тули, биле преуредени. Над нив биле поставени мермерни блокови од седиштата на театарот, а на нив поставени базите со колоните

и капителите. Капителите се земени од театарот, и тоа од долната колонада на сцената. Просторот меѓу мермерните блокови останал покриен со тули, како што е решен и подот во јужниот кораб. При преуредувањето на градбата во црква стилобатите, како и во претходната римска палата, останале на исто ниво со корабите. Ваков е случајот и со стилобатот во Старата епископска базилика во нејзината прва градежна фаза, бидејќи и за оваа црква е преуредена една доцнежноантичка градба.[25] При обновта на Старата епископска базилика при крајот на IV век наоѓаме на траги на изградени стилобати, што ги делеле корабите, над нивото на подот.

Самите колони биле поврзани со арки изградени со тули и хоросан малтер. Остатоците се најдени во јужниот кораб.[26] Откриениот мермерен капитал над јужниот стилобат не е теодосијански, туку коринтски, и припаѓал на долната колонада од сцената на театарот. Капителот е компониран од три појаси со акантусови лисја под абакусот со извиткана пластична лозица од четири страни.[27] Останатата архитектонска декорација од капители, импости, колони, архитравни греди, употребени во канцелот и на банкините крај базенот, припаѓале на постари објекти, овде употребени како сполии.

Западниот дел на објектот — атриумот — е преуреден. Во големиот базен со фонтана, со три ниши со оплата од мермерни плочи, со парапетни мермерни плочи со крстови во неговиот централен дел е оформен мал базен-корито, над него останале трите ниши со довод на вода од централната.

Вака преуредената римска палата е оспособена за црква од базикален тип со три кораба, нартекс и атриум со фонтана и мал базен, со одвод и довод на вода од нејзината северна страна. Еднообразниот и унифициран план на сите досега откриени базилики во Стоби, всушност, се темели на плановите на старите доцнежноантички палати и градби што биле преуредувани во цркви. Многу од градежните елементи на старите антички градби се приспособени во новиот аранжман.

4. Баптистериумот од северната страна на базиликата е подоцна доградден, на што укажува целата негова конструкција покрај базиликата. Тогаш е отворен влез во северниот кораб за комуникација со баптистерумот. При неговото градење е пресечена северната одаја со мозаичен под, а во нејзината западна страна е преуреден доводот и одводот на вода и оштетени мозаичните полиња на претходната структура на одајата северно од базиликата.

Прашањето за постоењето на два баптистериума во Стоби го има поставено уште Ј. Петровиќ и тоа прашање го повторуваат сите автори што ја спомнуваат Северната базилика.[28] Откривањето на ра-

---

[25] Supra not. 21 со цитирана литература за откривањето на овој објект.

[26] Д. Коцо и др., op. cit., стр. 72.

[27] E. Gebhard, op. cit., p. 202, fig I.

[28] Ј. Петровић, Крстионице у Стобима, Уметнички преглед, 3, (1940), бр. 9, стр. 226—227; idem. U Štobima danas, str. 490—492; И. Николајевић, Ранохришћанске крстионице у Југославији, стр. 225, 226, fig. I; R. F. Hoddinott, Early Byzantine Churches in Macedonia and Soutern Serbia, London, 1975, p. 168, fig. 79; A. Khatchatrian, Les baptisteres paléochrétiens, Paris, 1962, p. 131, fig. 178; J. Wiseman, Guide, p. 27—28; C. Snively, op. cit., p. 25—27.

скошниот баптистериум покрај Епископската базилика во 1970—71 година го актуелизира ова прашање. Меѓутоа, немаше никаков сигурен одговор на овој проблем.

Откривањето на Старата епископска базилика под темелите на базиликата на епископот Филип во 1981—1985 година, на која првобитно и припаѓала градбата на баптистериумот со една од постарите писцини, ни даде мошне значајни информации.[29] Врз основа на овие податоци и единствената археолошка евиденција и документација можеме да го согледаме подигањето и постоењето на вториот баптистериум во Стоби покрај Северната базилика.

Баптистериумот крај Северната базилика, одбележува Снајвели, не можел да биде дигнат пред изградбата на баптистериимот покрај Епископската базилика на епископот Филип од V век.[30] Меѓутоа, треба да се внесе исправка, дека баптистриумот не можел да биде дигнат пред изградбата на баптистериумот покрај Старата епископска базилика од почетокот на IV век.

Нашето објаснување за дополнителното градење на баптистериумот покрај Северната базилика е следното. Старата епископска базилика, подигната во почетокот и обновена при крајот на IV век, е напуштена и над неа нанесен шут од урнатините на градот во височина од 4,50 м. Над неа, меѓутоа, но не над нејзините темели, е дигната во почетокот на V век базиликата на епископот Филип.

При нанесувањето на шут над овој комплекс зградата на баптистериумот не е закопана. Таа е оставена за да биде преуредена за новата црква, која се наоѓала 5 м. повисоко. Поради тоа, од нартексот на новоизградената црква се направени тесни скали за приод низ низа одаји до баптистериумот.

Во времето додека овој голем комплекс е исполнуван со земја, копани темелите за горната црква, градена самата црква и внатрешно уредувана со богата архитектонска пластика и ѕидна декорација, како и преуредуван баптистериумот — обредот на покрстување било неопходно да се изведува без пречки и континуирано. Еве зашто било потребно да се изгради еден нов баптистериум. Едно од решенијата било да се изгради баптистериум покрај една од постоечките цркви во градот. Најпогодно решение било доградувањето на баптистериум покрај Северната базилика, каде постоела погодна просторија уште во античката градба, обезбедена со довод и одвод на вода. Поради тоа и се јавуваат два доводни канали за вода во баптистериумот.

Архитектонското решение на баптистериумот со четволист и крстовидната писцина во средина во целост го следат планот на баптистериумот и писцината во Старата епискоска базилика во

---

29 Supra not. 21.

30 C. Snively, op. cit., p. 40; За датирањето на баптистериумот: J. Петровић, Крстионице у Стобима, стр. 266, го датира во VI век; Ѓ. Мано Зиси, op. cit., стр. 216 од раниот до доцнежниот IV век.

самото Стоби.[31] Самата писцина е идентична со помладата писцина во баптистериумот во Баргала, Охрид,[32] и ротондата во Филипи.[33]

Така затекнатата одаја од северната страна на базиликата е пресечена. На нејзината источна страна е изграден баптистериумот со крстовидната писцина, отворен влез во северниот кораб и преуредени инсталациите за довод и одвод на вода.

Вака преуредена, Северната базилика, обогатена со баптистериум од северната страна, извесно време, додека се градела базиликата на епископот Филип, служела како епископска базилика со посебна функција на покрстување. Претпоставката на И. Николајевиќ дека оваа црква била епископска базилика може да се потврди.[34] Оваа базилика извесно време имала функција на епископска базилика и тоа попрецизно во времето додека течела изградбата на базиликата на епископот Филип. По подигањето на репрезентативната Епископска базилика и вклопувањето во неа на луксузниот и обновен баптистериум, функцијата на покрстување во баптистериумот покрај Северната базилика престанува. Тогаш е затворен и доводот на вода во писцината.

## ДАТИРАЊЕ НА КОМПЛЕКСОТ НА СЕВЕРНАТА БАЗИЛИКА

Северната базилика — во сегашната состојба на истраженост — со сите свој архитектонски особености претставува преуредена доцнежноантичка градба во црква. Таков е случајот со сите базилики во самиот град и со Extra muros базиликата во Паликура.

Изградбата на вака голем број цркви во Стоби било неопходно поради зголемениот број на жители во самиот град и неговата околина. По слободното ширење на христијанството за време на Константина, црковната христијанска општина во Стоби, како и во целиот Источен Илирик, е засилена.

Дигањето и адаптирањето на поголеми палати во црковни градби во овој период е вообичаено и познато со низа објекти низ целата Империја. Во Стоби тоа како да станал вообичаен манир. Самите палати, според својот општ план и внатрешната распределба на просторот, во целост содејствувале на потребите на црквата. Поради тоа и плановите на сите базилики во Стоби речиси се идентични или слични во комплетното програмирање на просторот, па и според внатрешното уредување и решение.

Преуредувањето и приспособувањето на големата палата во црква, бездруго, станало при крајот на IV век, бидејќи при започнувањето на изградбата на базиликата на епископот Филип во почетокот на V век Северната базилика, чинам, постоела, како црква.

---

31 J. Wiseman, Guide, pl. I; W. Dinsmore, op. cit., p. 15—27.

32 Supra not. 15.

33 G. Lavva, Oi poleis ton »Hristianikon Vasilikon«, Rapports présentés au Xe Congrès international d'archéologie chrétienne, Thessalonique, 1980, Fig. 15 — Filippoi ex. St. Pelekanide.

34 И. Николајевиќ, op. cit., стр. 225—226, сл. 3.

Во прилог на ова е и употребата на блоковите од седиштата и на капиталот од Театарот. Самиот Театар како градба со функција можел да егзистира уште извесно време по Соборот во Никеја во 325 година, кој го има организирано самиот Константин.[35]

Меѓутоа, веќе од 381 година, по Соборот во Константинопол, за време на Теодосија Театарот не можел да има никаква функција, бидејќи христијазирањето на Империјата е веќе завршено.

Многу брзо започнува уривањето на Театарот и употребата на неговите мермерни седишта, капители, колони во христијанските црковни објекти, за кои служел како мајдан на обработен камен.

Во прилог на датирањето на Северната базилика во крајот на IV век е и изградбата на баптистериумот покрај нејзиниот северен ѕид, што веќе го објаснивме како потреба да се изведува покрстувањето додека се гради новата Епископска базилика. На мислење сме дека комплексот од една римска палата бил адаптиран во времето по обновата на Старата епископска базилика за време на Евстатиоу, бидејќи во последнава нема траги од употреба на сполии од Театарот.

Мозаичниот под во северниот компартимент со мотиви на ромбови наоѓа аналогија со мозаиците во Синагогата II од IV век, чиј омилен мотив е ромбот.[36] Овој мотив е предаден и во живописот во Старата епископска базилика[37] и во базиликата на епископот Филип,[38] инаку познат уште од Синагогата во Dura Europos, мотив во едикулата,[39] и широко распространет во ѕидното сликарство во профаните и црковни градби, понекогаш изведуван во opus sectile.

Парапетните плочи употребени како ограда на приспособениот базен под трите ниши на фонтаната според својот начин на решавање на крстот, обработката и квалитетот на мермерот се идентични на фрагментарните парапетни плочи од Старата епископска базилика, најдени 1983 година. Во базенот се, бездруго, секундарно употребени при неговото приспособување, а припаѓале на некој постар црковен објект, бидејќи ниту според димензиите, ниту според форма соодветствуваат на приспособениот базен.

Врз основа на изнесените резултати од истражувањата на Северната базлика и оформената комплетна документација за овој објект, земајќи ги предвид и поширокие истражувања во Стоби, на мислење сме дека оваа базилика била подигната при крајот на IV век, со тоа што за црква е адаптирана една доцнежноантичка градба-палата. Во самиот почеток на V век покрај северната страна на

---

35 H. J. Sieben, Die Konzilsidee der Atlen Kirche, Paderborn-München-Wien-Zürich, 1979, s. 446.

36 D. Moe, The Cross and the Menorah, Archaeology, vol. 30, no. 3, N. Y., 1977, p. 155.

37 W-MZ, Excavations at Stobi 1973 — 1974, Journal of Field Archaelogy, Vol. I, no. I/2, 1974, p. 142, fig. 29, живопис од првата градежна фаза на базиликата; J. Wiseman, Stobi in Yugoslavian Macedonia: Excavations and Researche 1977—1978, Journal od Field Archaeology, Vol. 5. no. 4, 1978, p. 402, fig. 8, живопис од втората градежна фаза на базиликата, обновена од епископот Евстатиоу.

38 М. Ђурић, О скидању зидних сликарија у Стобима, Старинар, VII, Београд, 1932, стр. 86, 87, сл. I.

39 A. R. Bellinger and all, The Excavations at Dura-Europos, New Haven, 1956, fig. 13-Torah Shrine. Pl. XXIV, LI-Torah Shrine.

базликата е дограден комплексот на баптистериумот, врз одаји во кои имало инсталации за довод и одвод на вода, така што било потребно само нивното приспособување.

За животот на објектот, неговиот успон и пропаѓање и уривање и неговото обновување тешко е да се изнесуваат некакви прецизни заклучоци и определуваат градежни фази. Сите преуредувања во западниот комплекс на базиликата, од затворањето на прозорците во западните компартименти до интервенциите и поправките на подовите, не укажуваат на некакво генерално подоцнежно преуредување ниту на преѕидување на овој комплекс, како што е случај со Цивилната базилика, Централната и Casino базиликата.

Бездруго дека објектот настрадал и претрпел оштетување во текот на готските напади и за време на големиот земјотрес, од кој се констатирани повеќе оштетувања и во другите базилики во Стоби. Меѓутоа, недостигот на археолошката евиденција при ископувањата, преку која единствено би можеле да се изведат посигурни заклучоци, каков е случајот со Северната палата,[40] би ги направила сите претпоставки несигурни. Објектот на Северната базилика во целост е сочуван според своето првобитно програмирање врз старата античка палата. За основната адаптација на стариот објект стана збор понапред. Некакви генерални накнадни градежни потфати над овој објект подоцна нема. А сите мали интервенции на овој голем објект можеле да стануваат од неговото адаптирање во црква па до крајот на неговиот живот, што не може да се смета како некаква градежна фаза.

По уривањето на црквата по големите аваро-словенски напади и брзото населување на Словените во околината и во самото Стоби, просторот од базиликата па сè до Централната базилика служел за закопување. Треба веднаш да се спомне дека Северната базилика како ранохристијанска црква била урбан објект, околу кој не можело да има закопување, макар што и за ова понекогаш има исклучоци.[41] Со населувањето на новиот етнички елемент во градот почнува да се оформува некропола покрај црквата. Се поставува едно мошне значајно прашање: дали веќе покрстеното словенско население се закопувало покрај една разурната градба или Словените помешани со домашното сиромашно население од околината на градот оформиле некропола покрај еден разурнат ранохристијански храм, во самиот град?

Има можност за претпоставка дека на ова старо христијанско култно место постоела црковна градба сведена на помали димензии, каков е случајот со базиликата во Демир Капија,[42] покрај која се оформила голема словенска некропола во IX—X век и подоцна.[43]

---

[40] J. Wiseman, Guide, House of the Fuller, p. 50—52; I. Mikulić, Some New Factors in the History of Stobi, III, 1981, p. 208—214.

[41] J. Guyon — G. Cardi, Basilique cruciform, Caričin Grad, Belgrad-Rome, 1984, p. 89.

[42] B. Aleksova, Demir Kapija, t. I, Skopje-Beograd, 1966, Pl. I.

[43] Ibid., стр 22—75, Pl. III.

[44] Б. Алексова, Стоби, Базиликата во Паликура, 1981, Зборник на Филоз. факултет, Кн. 10(36), 1983, стр. 135—168.

Сличен е случајот со Паликура базиликата надвор од ѕидините на Стоби.[44] Источно од оваа цеметеријална базилика откриени се остатоци од една словенска некропола од IX—X век,[45] од кое време се и гробиштата јужно од Северната базилика.[46]

Дали од Северната базилика егзистирал еден дел како црковна градба покрај која започнало закопување на месното и новонаселено население? Податоците се избришани во времето на откривањето на споменикот. Ј. Петровиќ, освен за гробишта од подоцнежениот средновековен период, не спомнува ништо повеќе.[47]

Откривањето на сребрениот плиток сад со 100 средновековни српски монети и пари од млетачки владетели, најден покрај влезот во баптистериумот во северниот кораб,[48] укажува дека објектот бил на извесен начин маркиран и познат, за да може некој трговец пред голема опасност да го закопа своето благо токму тука.

Закопувањето покрај урбаниот објект на Северната базилика има и друго посебно значење. Тоа укажува на брзото покрстување на словенските племиња населени во градот и неговата околина, кои започнуваат според новите христијански обичаји многу рано да се закопуваат покрај стари разурнати ранохристијански храмови или приспособени црковни градби, следејќи ги правилата на христијанската религија. Поради тоа и за ова ново население немало никакво значење што црквата порано претставувала еден урбан објект среде античкиот град Стоби.

*BLAGA ALEKSOVA*

## THE NORTH BASILICA IN STOBI

### Summary

The North Basilica is the first construction object from the north side of the opened complex of buildings in the west part of Stobi. Owing to it, the North Basilica got its name during the archaeological reserches with the Jugoslav-American Stobi Project. The church is known under the name of John the Baptist, as a church for baptising and as an Episcopal Basilica. The basilica lies on the east of Via Principalis Inferior, whose entrance in the atrium is lower 1 to 2 m. The complex of basilica belongs to a range of constructions from the west part of Stobi, which extend to the south up to the Theatre.

The church was discovered by J. Petrović in 1937. Then a bigger part of the church was discovered to the level of the floor together with

45 Ж. Винчиќ — М. Ивановски, Стоби, Градско, Словенска некропола, Археолошки преглед, 20, Београд, 1978, стр. 106.

46 Б. Алексова, Извештај за истражувањата на словенските гробови во Стоби, Гласник на Инст. за нац. историја, I, Скопје, 1958, стр. 247—260; idem., Средновековните гробови во Северната базилика, Studies in the Antiquities of Stobi, III, 1981, p. 249—261.

47 Ј. Петровић, У Стобима данас, стр. 492.

48 Ј. Петровић, Српско средњевековно благо у Стобима, Уметнички преглед, 3, бр. 4—6, Београд, 1940, стр. 108—109.

the Baptistery from the north side. The excavations and conservations were carried out in 1937 and after the Second World War. Remains of the older architectural object under the Basilica have been discovered with the excavations in 1955. The many construction phases of the North Basilica at Stobi demonstrate the long life of this building.

The Baptistery by the North Basilica could not be built before the Philip's Episcopal Basilica from the V century. We should point out that it was not built before the construction of the Baptistery by the Old Episcopal Basilica of the IV century.

The Old Episcopal Basilica was built at the beginning of the IV century and reconstructed to the end of the IV century. At the beginning of the V century is abandoned, covered with rubish for about 4—5 m. and on this level Basilica of Bishop Philip was erected. The old building of the Baptistery is not covered but it was left to be altered and included in the new Episcopal church. During the erection of the Bishop Philip Basilica the function of baptizing could not perform in the Baptistery by the Old Episcopal Basilica. One of the best solutions was to built the new Baptistery by the North Basilica. The cross shaped form of piscina entirely follows the plan of piscina in the Episcopal Basilica.

The North Basilica in its present daysituation of investigation represents a late antique place turned into a church to the end of the IV century or beginning of the V century, as it is the case with the Old Episcopal, with Central over the Synagogue, with Civil and Palicura Basilica in Stobi.



*Северна базилика — капители*



*Северна базилика — столбови*



*Северна базилика — бази од столбовите*



*Северна базилика — импости и други градежни елементи*



*Северна базилика — венци*



*Северна базилика — парапетни плочи и фрагменти од други градежни елементи*



*Северна базилика — тули со втиснати орнаменти*